# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЛАБОРАТОРИСКИТЕ ИСПИТУВАЊА ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО УПАТ НА ИЗБРАН ЛЕКАР

**("Службен весник на РМ" бр.10/2002, 17/2002, 137/2006, 41/2007, 62/2007, 86/2007, 37/2008, 158/2009, 2/2010 , 147/2010 и 171/2010)**

**(пречистен текст)**

## Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на плаќањето и критериуми за склучување на договори за лабораториските испитувања кои осигурените лица можат да ги остварат на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошен текст: Фондот) во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар во примарна здравствена заштита.

## Член 1а

За обезбедување на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар во примарната здравствена заштита, Фондот склучува договори со здравствените установи кои вршат лабораториски испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита ако:

- укажува здравствени услуги што се во рамките на дејноста за која е регистрирана и за која има дозвола согласно Законот за здравствена заштита;
- постојат услови за вршење на соодветната дејност (простор, опрема, кадри и сл.);
- се вклопува со потребите на населението на подрачјето на здравствената установа;
- се платени придонесите за задолжителното здравствено осигурување;
- негува добри деловни односи.

Договорите од став 1, Фондот ги склучува во рамките на утврдените буџетски средства за таа намена, по доставена понуда за склучување на договор придружена со потребна документација, со важност на договорот за тековната година.

## Член 2

Како лабораториски испитувања, во смисла на овој Правилник се сметаат лабораториските испитувања кои се вршат за утврдување на заболувањата,

повредите и здравствената состојба на осигурените лица во специјалистичко консултативната здравствена заштита (член 9 став 1 под б) точка 1 од Законот за здравствено осигурување) и тоа:

I. Хематолошки и цитолошки испитувања

Ред. бр. Анализа

- КРВНА СЛИКА

1. Хемоглобин
2. Еритроцити
3. Леукоцити
4. Тромбоцити
5. Хематокрит
6. Диференцијална крвна слика
7. Седиментација на еритроцити за 1 саат

II. Испитување на урина

Ред .бр. Анализа

1. PH (17/2002)
2. Специфична тежина
3. Белковини
4. Сахар
5. Кетони
6. Седимент на урина
7. Уробилиноген
8. Билирубин

III. Основни биохемиски испитувања

Ред. бр. Анализа

1. Гликемија
2. Холестерол
3. Триглицериди
4. Уреа
5. Креатинин

IV. Ензимски статус

Ред. Бр. Анализа

1.АСАТ (ГОТ)
2.АЛАТ (ГПТ)

V. Електролитен статус

Ред. Бр. Анализа

1. Серумско железо

VI. Тест за бременост

**Член 3**

Лабораториските испитувања од член 2 на овој Правилник, во здравствената установа ги врши соодветен стручен кадар "лабораториски тим" согласно Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените организации.

Осигурените лица лабораториските испитувања ги остварува со упат на избраниот лекар образец лабораториски упат.

**Член 4**

Појдовни критериуми за определување на надоместокот за плаќање на лабораториските испитувања по упат на избран лекар од член 2 на овој правилник се:

- планираните средства за специјалистичко - консултативна здравствена заштита за делот на лабораториски испитувања што се остваруваат од придонесот за задолжително здравствено осигурување;
- бројот на населението;
- број и структура на потреби од лабораториски испитувања утврдени во претходните години.

**Член 5**

Здравствената установа која врши лабораториски испитувања, склучува договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за плаќање на услугите за лабораториски испитувања на осигурените лица.

Со договорот од став 1 на овој член се регулираат:

- видот на лабораториските испитувања,
- начинот на упатување,
- начин и време на вршење на лабораториските испитувања,
- и други меѓусебни обврски на договорните страни.

Плаќањето на надоместокот за обезбедување на лабораториски испитувања од член 2 на овој правилник на Фондот, се врши за

лабораториските испитувања извршени по склучувањето на Договорот од став 1 на овој член и на договорот од член 6 на овој правилник.

**Член 6**

За остварување на правото на лабораториски испитувања на осигурените лица, здравствената установа на избраниот лекар склучува договор со здравствена установа која врши лабораториски испитувања и тоа за сите осигурени лица кои го избрале избраниот лекар.

**Член 7**

(се брише)

**Член 8**

Месечниот надоместок за извршените лабораториски испитувања претставува потенцијален месечен износ кој може да го оствари здравствената установа која врши лабораториски услуги, добиен како просечен износ од остварените средства од Фондот во последните три месец и(септември, октомври и ноември) од 2009 година, остварени врз основа на претходно склучен договор со Фондот.

Надоместокот од став 1 на овој член, здравствената установа која врши лабораториски услуги го остварува врз основа на доставени фактури за извршени здравствени услуги за месецот за кој се исплатува надоместокот, но не повеќе од месечниот надоместок утврден според став 1 на овој член.

Фактурирањето на лабораториските испитувања од став 2 на овој член се врши според цените утврдени со ценовникот на здравствените услуги во Република Македонија или според утврдени референтни цени од Управниот одбор на Фондот, доколку истите бидат утврдени.

**Член 8-а**

Месечниот надоместок за извршените лабораториски испитувања претставува потенцијален месечен износ кој може да го оствари здравствената установа која врши лабораториски услуги, врз основа на планираните средства за лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативна здравствена заштита определени во буџетот на Фондот и во зависност од остварениот вид и обем на здравствени услуги во претходниот период, односно претходната година.

Надоместокот од став 1 на овој член, здравствената установа која врши лабораториски услуги го остварува врз основа на доставени фактури за извршени здравствени услуги за месецот за кој се исплатува надоместокот, но не повеќе од месечниот надоместок утврден според став 1 на овој член

Фактурирањето на лабораториските испитувања од став 2 на овој член се врши според утврдени референтни цени од страна на Управниот одбор на Фондот.

**Член 9**

(се брише)

**Член 10**

Надоместокот од член 8 и член 8-а на овој Правилник, што го исплаќа Фондот на здравствената установа која врши лабораториски испитувања ги опфаќа сите трошоците за квалитетно и навремено извршување на обезбедените испитувања и ги опфаќа трошоците за:

- одржување на здравствената установа и опремата по соодветни стандарди,
- обезбедување на потребните услуги на осигурените лица,
- плаќање на медицинскиот и останатиот персонал,
- потрошен материјал за конкретни услуги,
- други вообичаени трошоци,
- водење на компјутерска евиденција и доставување на податоци до Фондот за здравствено осигурување и останатите надлежни институции.

**Член 11**

(се брише)

**Член 12**

Се брише - објавен во “Службен весник“ бр.137/2006.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

НАПОМЕНА:
Одредбите на членот 8 од овој правилник ќе се применуваат до 30.09.2010 година, а одредбите од член 8-а ќе се применуваат од 01.04.2011 година.